.

**Министерство за транспорт и врски**

ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Име на материјалот:** Предлог на Законот за комунални дејности

**Усогласеност со Програмата на Владата:** Да

**Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата:** Да

**Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:** На првата наредна седница

**Доверливост на материјалот:** Не

**Итност на материјалот:**

**Прилог:** Предлог на закон

**Дата на доставување на материјалот:**

мај 2012 година

**Министер за транспорт и врски,**

**Миле Јанакиески**

Република Македонија

Министерство за транспорт и врски

Предлог на

Закон за комунални дејности

ПОТПИС: ______________________________

Скопје, мај, 2012 година

**1.Осврт по материјалот:**

Имајки во предвид фактот дека одредбите од постојниот Закон за комунални дејности кое донесен во 1997 година и во кој се извршени неколку изменување и дополнувања во изминатиот период, несоодвествува со потребите на граѓаните и правните субјекти како корисници на комуналните услуги, како и со решенијата предвидени со посебните закони со кои се уредува начинот и условите на оделни комунални дејности, се наложи потреба од донесување на нов Закон за комунални дејности со кој системски се уредуваат условите и начинот на вршење на комуналните дејности.

**2. Разгледани можни решенија (за-против аргументи):**

Со Предлогот на законот предложени се одредби со кои се уредуваат основните услови и начинот на вршење на комуналните дејности, обезбедување на средства за финансирање на изградбата и одржувањето на комуналната инфраструктура како дејности од јавен интерес, се со цел да се обезбеди трајно и кавелитетно давење на услуги на граѓаните и правните субјекти како корисници на тие услуги.

**3. Резултати од извршените консултации со ресорните министерства, другите органи на државната управа и организации:**

Предлогот на законот беше доставен на мислење на: Секретаријат за законодавство, Министерство за финансии, Министерство за правда, Министерство за економија, Министерство за локална самоуправна, Министерство за животна средина и просторно планирање, Заедницата на единиците на локална самоуправа, Градот Скопје, Стопанска комора на Македонија-Здружение на комунални дејности.

Добиените мислења, предлози и забелешки од напред наведените органи и здруженија, во главно се прифатени и вградени во текстот на Законот.

**4. Решение кое се препорачува (со образложение):**

Се препорачува Владата Република Македонија да го разгледа и утврди текстот на Предлогот на законот за комунални дејности и истиот да го достави до Собранието на Република Македонија за разгледување и усвојување.

**5. Фискални импликации на материјалите што се предлагаат:**

Нема

**6. Очекувани влијанија:**

Со донесувањето на нов закон за комунални дејности ке се надминат проблемите кои се јавуваат во примената на одредбите на постојнот закон, како и ке се овозможи подоследна негова примена бидејки со одредбите на овој закон утврдени се субјектите кои можат да вршат одредена комунална дејност и под кои услови, нивните права и обврски како даватели на комунални услуги, правата и обврските на граѓаните и правните субјекти како корисници на комунални услуги, надлежностите на единиците на локална самоуправа и други прашања.

Основан новина е што со законот за не постапување или спротивно постапување по одредбите на овој закон пропишани се прекршочни сакции за правните и физичките лица за разлика од постојниот закон кои нема вакви одредби.

**7. Усогласеност со европското законодавство (кои директиви на ЕУ се транспонираат во нашето законодавство):**

Нема

**8. Оценка на Секретаријатот за законодавство по материјалот:**

Доставено е писмено мислење со предлози и забелешки.

**9. Клучни елементи за информирање на јавноста:**

Текстот на предлогот на законот ќе биде објавен на ВЕБ страната на Министерството за транспорот и врски.

## ФОРМУЛАР ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИ ИМПЛИКАЦИИ

<table>
<tr><td colspan="2">1. Назив на предлогот:<br><br>Предлог на Закон за комунални дејности</td><td colspan="4">2. Министерство/Орган на државната управа:<br><br>Министерство за транспорт и врски</td></tr>
<tr><td colspan="2">3. Цел на предлогот:<br>Усвојување на законот</td><td colspan="4">4. Вид на предлогот:<br>Закон</td></tr>
<tr><td colspan="2">5. Контакт лице и звање:<br>Орхан Рамадани, Државен советник</td><td colspan="4">6. Контакт телефон/факс или е-пошта:3145-554</td></tr>
<tr><td colspan="6">7. Активност:</td></tr>
<tr><td colspan="6">8. Вид на барање: ( ) Регулатива во врска со ЕУ; ( ) Нова програма; ( ) Прераспределба (на средства) помеѓу две програми; ( ) Друга нова регулатива; ( ) Зголемување / намалување на постоечка програма; ( ) Спојување на две или повеќе програми</td></tr>
<tr><td colspan="6">9. Цел на барањето/предложена активност:</td></tr>
<tr><td colspan="6">10. Врска со Владината програма:</td></tr>
<tr><td>11. Фискални импликации</td><td colspan="5">(Во МКД)</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td>2011</td><td>2012</td><td>2013</td><td>2014</td></tr>
<tr><td colspan="2">А. Вкупни трошоци за предлогот<br>▪ Плати<br>▪ Стоки и услуги<br>▪ Капитал<br>▪ Трансфери</td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">ВКУПНО:</td><td>0</td><td>0</td><td>0</td><td>0</td></tr>
<tr><td colspan="2">Б. Одобрени средства за предлогот<br>▪ Плати<br>▪ Стоки и услуги<br>▪ Капитал<br>▪ Трансфери</td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">ВКУПНО:</td><td>0</td><td>0</td><td>0</td><td>0</td></tr>
<tr><td colspan="2">В. Промена (разлика) од одобрените средства (Б-А)<br>▪ Плати<br>▪ Стоки и услуги<br>▪ Капитал<br>▪ Трансфери</td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">ВКУПНО:</td><td>0</td><td>0</td><td>0</td><td>0</td></tr>
<tr><td colspan="2">Г. Расположливи средства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>▪ Плати<br>▪ Стоки и услуги<br>▪ Капитал<br>▪ Трансфери</td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">ВКУПНО:</td><td>0</td><td>0</td><td>0</td><td>0</td></tr>
<tr><td colspan="2">Ѓ. Нето импликации на средствата на органот: (В-Г)<br>▪ Плати<br>▪ Стоки и услуги<br>▪ Капитал<br>▪ Трансфери</td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">ВКУПНО:</td><td>0</td><td>0</td><td>0</td><td>0</td></tr>
<tr><td colspan="2">Е. Зголемување/намалување на</td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
</table>

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| приходите | | | | |
| Ж. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br><br>Извор:_________________________ | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12. Нето зголемување/намалување на вработени во врска со предлогот | | | | |
| 13. Какви гаранции заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11А до 11Е) | | | | |

| | |
|---|---|
| 14. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, дајте образложение: | |
| 15. Дата на завршување на проценката: | |
| 16. Дата на поднесувањето на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење: | |
| 17. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии: | |
| 18. Измени побрани од Министерството за финансии: | |
| 19. Одговор на Министерството – Предлагач: | |
| 20. Одговор од Министерството за финансии: | |
| 21. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог: | |

22. Одобрено/Дата:

| | | | |
|---|---|---|---|
| ------------------------------------- | Датум:<br>ден/месец/година | ------------------------------------ | Датум:<br>ден/месец/година |
| Потпис на државен секретар/ | 16.05.2012 | Потпис на Министер | 16.05 .2012 |

Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА
# КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ

Скопје, мај, 2012

## В О В Е Д :

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

По извршената анализа од досегашната примена на постојниот Закон за комунални дејности како и врз основа на Извештајот од февруари 2012 година на Државниот завод за ревизија, за извршената ревизија на успешност на Законот за јавна чистота со предлози за подобрување на законската регулатива на Законот за комуналните дејности а имајки предвид дека во изминатиов период се донесени посебни закони со кои се регулирани односите во одделни комунални дејности,( Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, Закон за јавна чистота ,Закон за управување со отпадот, Закон за гробишта и погребални услуги, Закон за домување,Закон за превоз во патен сообракај), се наложи неопходна потреба од донесување на нов закон со кој ке се регулираат системски односите во комуналните дејности. Решенијата предвидени со постојниот Закон за комунални дејности („Службен весник на Република Македонија" бр.45/97, 23/99, 45/02,16/04 и 5/09) не соодветствуваат со потребите на граганите и решенијата предвидени со посебните закони со кои се регулирани одредени видови комунални дејности во однос на: начинот на вршењето на комуналните дејности, начинот на финансирањето на вршењето на комуналните дејности, начинот на регулирањето на односите помегу давателите и корисниците на комуналните услуги во зависност од сопственоста на комуналната инфраструктура и комуналните објекти кои служат за вршење и давање на комунални услуги, одговорноста и надлежностите на органите надлежни за контролата над субјектите задолжени за вршење на оделни комунални дејности. За таа цел со предлогот на законот се пропишуваат надлежностите на единиците на локална самоуправа во поглед на нивните обврски во обезбедувањето на услови за квалитетно извршување на комуналните услуги кои се од значење за граѓаните.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Со донесувањето на новиот Закон за комунални дејности ќе се надминат проблемите кои се јавуваа во примената на овој закон, пред се од аспект кои субјекти можат да вршат одредена комунална дејност и под кои услови, начинот на обезбедувањето на сретства за финансирање на изградбата и одржувањето на објектите на комуналната инфраструктура, вршењето на испекцискиот надзор над примената на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

Предлогот на законот се заснова на следните начела:

-недискриминација;

-транспарентност;

-одржливост на услугата;

-квалитетно и ефикасно извршување на комуналните услуги;

-економски прифатлива цена и

-целосно покривање на областа на извршување на услугата.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За спроведување на овој закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија.

Со оглед дека со предлогот на законот предвидено е решение со кое општините, општините во градот Скопје и градот Скопје за контрола на Одлуката за комунален ред треба да назначат комунални редари, потребно истите да планираат сретства за таа цел.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА
КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ

## I. Општи одредби

Член 1

Со овој закон се уредуваат основните услови и начинот на вршење на комуналните дејности, финансирањето на комуналните дејности, финансирањето на изградбата и одржувањето на објектите на комуналната инфраструктура и други прашања од значење за комуналните дејности.

Член 2

Комуналните дејности се дејности од јавен интерес.

Член 3

На управната постапка и постапката при вршењето на испекцискиот надзор се применуваат одредбите од Законот за општа управна постапка и Законот за испекциски надзор, доколку со овој закон не е поинаку уредено.

Член 4

Одделни изрази употрбени во овој закон го имаат следното значење:

1. „Комунална дејност” е стопанска дејност за давање на комунални услуги за задоволување на потребите на физички и правни лица за која единиците на локална самоуправа обезбедуваат услови за содветен обем, квалитет, достапност, континуитет и надзор над нејзиното вршење.
2. ,, Дозвола за вршење на комунална дејност,, е акт издаден од надлежен орган на правно и физичко лице кое е регистрирано за вршење на одредена комунална дејност согласно условите пропишани со посебен закон со кој се уредуваат условите и начинот на вршење на оделни комунални услуги.

3. “Субјекти на надзор” се јавни претпријатија основани за вршење на комунални дејности и правни и физички лица на кои им е доверено вршење на комунални дејности.
4. ,, Давател на комунална услуга ,, е јавно претпријатије основано од општината, општините во градот Скопје и градот Скопје и Владата на Република Македонија или правно и физичко лице кое поседува дозвола за вршење на комунална дејност.
5. “Корисник на комунална услуга” е правно и физичко лице кое ги користи услугите на давателот на услугата, чии права и обврски се регулираат со меѓусебно склучен договор.
6. „Урбана опрема,,се предмети и објекти кои служат за давање на комунална услуга за заедничка потрошувачка , како шо се ( фонтани, споменици, клупи , рекламни паноа, градски чешми , часовници, опрема за детски и други игралишта , садови за отпад, опрема за постојки и др).
7. ,,Објекти на комунална инфраструктура се градежни објекти, инсталација, опрема, јавни површини и други објекти на комуналната инфраструкура кои служат за давање на комунални услуги на корисниците и се добра од јавен интерес и
8. „ Одлука за комунален ред,, е акт на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје со кој се уредуваат поблиските услови и начинот на давање на комуналните услуги.

Член 5

Комунални дејности во смисла на овој закон се:

1) Изградба на водоснабдителен систем, обработка и снабдување со вода за пиење, под што се подразбира зафаќање, обработка и дистрибуција на вода преку водоснабдителниот систем до главниот водомер на корисникот на услугата;
2) Изградба на водоснабдителен систем, обработка и испорака на технолошка вода, под што се подразбира зафаќање, обработка и дистрибуција на вода преку водоснабдителниот систем до главниот водомер на корисникот на услугата;
3) Изградба на канализационен систем, одведување и пречистување на отпадни води, под што се подразбира прифаќање на отпадни води од станбените, деловните, производните, административните и други објекти, агломератот од приклучокот на дворната мрежа преку

канализациони системи, пречистување во пречистителни станици и испуштање на отпадните води во реципиентот;

4) Изградба на канализацијона мрежа, одведување и испуштање на атмосверски води, под што се подразбира прифаќање на атмосверските води од урбани површини, одведување со канализациона мрежа и испуштање во реципиент;
5) Јавен Општински превоз, под што се подразбира превоз е превоз на патници во патниот собраќај на подрачјето на Општината ;
6) Изградба,одржување, рекунструкција и заштита на локалните патишта, улици и други инфраструктурни објекти;
7) Собирање и транспортирање на комунален отпад и други видови на неопасен и инертен отпад под што се подразбира собирање, селектирање, транспортирање и депонирање на уредени депонии .
8) Одржување на јавна чистота, под што се подразбира чистење (миење и метење) на јавни површини, јавни и отворени простори на јавни објекти, чистење на снегот во зимски услови.
9) Одржување, чистење и користење на паркови, золошки градини, зеленило, парк шуми и рекреативни површини, под што се подразбира изградба, одржување и користење на зелени површини, садење на ниска и висока вегетација, косење на трева како и сечење на дрва и гранки ;
10) Одржување на сообраќајна сигнализација на улици и општински патишта под што се подразбира нејзино редовно и инвестиционо одржување;
11) Поставување и одржување на јавно осветлување под што се подразбира изградба и одржување на јавното осветлување;
12) Одржување на гробишта крематориуми и давање на погребални услуги под што се подразбира определување, изградба и одржување на гробиштата, гробните места, гробниците, придружните објекти и инфраструктурата во гробиштата и давање погребални услуги, како што се преземање, чување, опремување и превоз на умрените до местото за погреб и погреб или кремирање.;
13) Отворени и затворени пазари на големо и мало под што се подразбира изградба одржување на објектите и просторот на истите.
14) Оџачарски работи под што се подразбира чистење на оџаци и опрема за одведување на чад.
15) Одстранување и чување на хаварисани возила, залувување на животни скитници, украсување на населените места , одржување на јавните санитарни јазли, изградба и одржување на септички јами, чување на животни и домашни миленици во населени места

16) Испорака на гас од главниот цевковод до мерниот иструмент на корисникот и
17) Испорака на топлотна енергија од централниот извор на грење до мерниот иструмент на корисникот.

Член 6

Условите и начинот на вршење на комуналните дејности од член 5 на овој закон се пропишуваат со овој закон и посебните закони со кои се пропишани условите и начинот на вршење на одделни комунални дејности.

**II. Обезбедување на услови за вршење на комуналните дејности**

Член 7

Комуналните дејности, се вршат врз основа на развојни планови и програми.

Развојните планови за вршење на комуналните дејности се донесуваат за период од три годинии од страна на советот на општината, општините на градот Скопје и Градот Скопје.

Јавните претпријатија основани од општината, општините во градот Скопје и градот Скопје за вршење комунални дејности врз основа на развојните планови, донесуваат годишна програма до крајот на тековната година за наредната година по претходна согласност од советот на општината, општините на градот Скопје и Градот Скопје.

Јавните претпријатија основани од Владата на Република Македонија за вршење на комуналните дејности од страна на Владата на Република Македонија донесуваат годишна програма до крајот на тековната година за наредната година по претходна согласност од Владата на Република Македонија.

Член 8

Владата на Република Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје обезбедуваат услови за организирано и трајно вршење на комуналните дејности и нивен развој, при што обезбедуваат:

1) материјални, технички и други услови за изградба, одржување и функционирање на објектите на комуналната инфраструктура и

обезбедување на техничко-технолошко единство на системите за трајно и континуирано вршење на комуналните дејности,

2) потребен квалитет и обем на комуналните услуги во зависност од материјалните можности на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје и

3) контрола над правните и физички лица кои вршат содветни комунални дејности.

Член 9

(1) Комуналните дејности се вршат во согласност со овој и друг закон како и прописите донесени од страна на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

(2) За вршење на комуналните дејности, општините, односно градот Скопје може да основаат јавно претпријатије, доколку со посебен закон со кој се уредува оделна комунална дејност, не е поинаку уредено.

(3) Доколку општината, односно градот Скопје немаат основано јавно претпријатије, вршењето на комуналните дејности можат да го доверат на прави и физички лица кои поседуват дозвола за вршење на содветната дејност, согласно условите утврдени во посебен закон со кој се уредува оделна комунална дејност, не е поинаку уредено.

(4) Владата на Република Македонија за вршењето на одделни комунални дејности кои се од интерс за Републиката а кои претставуват фукционална, економска и техничко-техлошка целина може да основа јавно претпријатије или нивното вршење да го довери на правно или физичко лице согласно овој закон и посебните закони со кои се уредува одделна комунална дејност.

Член 10

(1) За вршење на комуналните дејности, правните и физички лица треба да поседуваат дозвола издадена од надлежен орган согласно посебните закони со кои се уредуваат одделни комунални дејности.

(2) Дозвола за вршење на одделни комунални дејности може да добие правно и физичко лице регистрирано за вршење на соодветната комунална дејност и кое ги исполнува условите пропишани со посебен закон со кој се уредува комуналната дејност.

Член 11

(1) Две или повеке општини можат заеднички да го организираат вршењето на комуналните дејности врз основа на спогодба помеѓу нив, согласно закон.

(2) Со спогодбата од став (1) на овој член се уредуваат: меѓусебните права и обврски на општините во обезбедување на условите за вршење на комуналните дејности на подрачјето на општините, правата и обврските на субјектите кои ги вршат комуналните дејности, како и начинот на донесување на одлуки во случај на одредени несогласувања на општините по одделни прашања во врска со вршењето на комуналните дејности чие решавање не трпи одлагање (согласност за цената, вршење на контролата и др).

Член 12

(1) Општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје поблиску го пропишуваат начинот на организирање и вршење на комуналните дејности, како и начинот на користење на комуналните услуги во поглед на:

1. техничките, санитарно хигиенските, здраствените и други услови за вршење на дејноста, заради обезбедување на определен обем, вид и квалитет на комуналната услуга доколку не се пропишани со закон,
2. обезбедувањето на континуитет во вршењето на комуналните услуги,
3. начинот на наплата на надоместокот за комуналната услуга како и начинот на постапување во случај на недобивање или неквалитетно добивање на услугата и
4. начинот на постапување во случај на прекин на давањето на комуналната услуга во случај на хаварија, елементарна непогода или штрајк, мерките што треба да ги преземе давателот на услугата во вакви случаи, како и редоследот на испорака на комуналните услуги во случај на виша сила и доколку дојде до смален обем на вршењто на комуналната услуга.

(2) Заради подетално уредување на односите во комуналните дејности, утврдени со овој закон, советот на општините, односно советот на

Градот Скопје донесува одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување.

(3) Со одлуката од став (2) на овој член особено се пропишува:

- уредувањето на населените места,
- начинот и обемот на користење на комуналните услугина.
- уредувањето, одржувањето, чистењето и користење на парковите, золошки градини, зелените и рекреативни површини и парк - шумите во населените места,
- одржувањето и користењето на јавните површини во населените места,
- собирањето, транспортирањето и постапувањето со собраниот комунален отпад,
- отстранувањето на противправно поставени и оставени предмети,
- одржувањето на јавната чистота на јавните површини и на отворените простори пред јавни објекти и чистење на снегот,
- услови за чување на животни и домашни миленици во дворни места на колективни и индивидуални станбени објекти во населени места
- начинот за одржување на чистота во дворни места места на колективни и индивидуални станбени објекти во населени места.
- начинот на одржување и чистење на одводни отворени канали и изградба и одржување на септички јами и
- мерки за спроведување на одредбите од одлуката.

(4) За спроведувањто на одлуката од став (2) на овој член општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје назначуваат комунални редари. За комунален редар се назначува лице со најмалку средно образование.

(5) Комуналните редари при вршењето на контролата задолжително носат службена облека и службена легитимација.

(6) Службената легитимација од став (5) на овој член ја издава и одзема градоначалникот на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје.

(7) При вршењето на контролата, комуналниот редар има право да ги провери индетификациските документи на лицата поради потврдување на нивниот индетитет, во согласно со закон.

(8) За констатираните неправилности при контролата комуналниот редар составува записник и изрекува мандатна казна на самото место согласно овој закон и Закон за прекршоците.

(9) Бојата и кројот на службената облека како и формата и содржината и начинот на издавање и одземање на службената легитимација на комуналните редари е пропишана со подзаконски акт согласно Законот за јавна чистота.

Член 13

Давателот на комуналната услуга е должен давањето на комуналните услуги да го врши постјано и квалитетно и да ги одржува во функционална и исправна состојба објектите, опремата и уредите.

Член 14

(1) Комуналните услуги се делат на услуги за задоволување на индивидуалната потрошувачка и услуги за задоволување на заедничката потрошувачка.

(2) Во услуги за задоволување на индивидуалната потрошувачка спаѓаат:

- обработка и снабдување со вода за пиење,
- обработка испорака на технолошка вода,
- одведување и пречистување на отпадни води,
- превоз на патници во патниот собраќај,
- собирање и транспортирање на комунален отпад,
- изградба и одржување на гробните места,
- користење на продажно место на отворени и затворени пазари,
- чистење на оџаци и опрема за одведување на џад,
- отстранување на хаварисани возила, одржување на септички јами,
- испорака на гас до мерен иструмент на корисник и
- испорака на топлатна енергија до мерниот инструмент на корисникот.

(3) Во услуги задоволување на заедничка потрошувачка спаѓаат:

- одведување и испуштење на атмосферски води
- реконструкција и заштита на локални патишта, улици и други инфраструктурни објекти,
- одржување на јавната чистота,
- одржување и чистење и користење на паркови, зоолошки градини, парк шуми, рекреативни површини и зенелило,

- одржување на сообраќајна сигнализација на улици и општински патишта,
- јавно осветлување,
- одржување на гробишта, придружните објекти и инфраструктурата на гробиштата,
- одржување на објектите на отворени и затворени пазари на големо и мало и
- ерадикција на животни скитници, украсување на населени места, одржување на санитарни јазли и одржување на урбаната опрема.

## III. Објекти на комунална инфрасруктура

Член 15

(1) Објектите на комунална инфраструктура во зависност од својата намена, се објекти кои служат за задоволување на индивидуалната потрошувачка и објекти за задоволување на заедничката потрошувачка.

(2) Во објекти на комуналната инфраструктура што служат за задоволување на индивидуалната комунална потрошувачка спагаат објектите за:

- испорака на вода од главниот цефковод до мерниот инструмент на корисникот,
- одведување и пречистување на отпадни води од приклучокот на корисникот до главниот цефковод и пречистување во пречистителни станици и испуштање на отпадните води во реципиентот;
- собирање и транспортирање на комунален отпад на физички и правни лица до депонија
- испорака на гас од главниот цефковод до мерниот инструмент на корисникот и
- испорака на топлот на енергија од централниот извор на грење под станицата на корисникот.

(3) Во објекти на комуналната инфраструктура што служат за задоволување на заедничката комунална потрошувачка спагаат:

- објекти за зафаќање, преработка, дистрибуција на водата до мерниот инструмент на корисникот,
- објектите за одведување и испуштање на атмосверски води од главната колекторка мрежа до реципиентот,
- објектите за складирање на комунален неопасен отпад и објекти за опасен отпад,
- локалните патишта и улици со вертикална и хоризонтална сигнализација,велосипедски патеки и кејови и јавни површини,
- гробишта,
- јавните простори за паркирање,
- отворени и затворени пазари за големо и мало,
- паркови, зелени површини, парк шуми и рекреативни зелени површини и карактеристични пејсажи,
- рекреативни објекти (детски игралишта, спортски патеки и игралишта) и
- одводни канали и речни корита.

Член 16

(1) Сопственик на градежен објект изграден согласно закон, е должен објектот да го приклучи на комунална инфраструктура.

(2) Градежен објект, изграден спротивно на закон не смее да се приклучи на комунална инфраструктура.

(3) Давателот на комунална услуга е должен да приклучи на комунална инфраструктура , градежен објект изграден согласно закон .

(4) Давателот на комунална услуга неможе да приклучи градежен објект на комунална инфраструктура ,ако е изграден спротивно на закон.

(5) Во општини каде нема изградено канализационен систем, сопствениците на објектите се должни да изградат септички јами.

(6) Поблиските услови за изградба на септичките јами и начинот на нивно одржување и чистење ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од комуналната дејност.

Член 17

Давањето на комунална услуга не може да му се ограничи на било кој корисник, освен во случаи утврдени со овој закон, и посебните закони со кои се пропишани условите и начинот на вршење на одделни комунални дејности.

Член 18

(1) Давањето на комунална услуга на корисник на индивидуална комунална потрошувачка, се воспоставува врз основа на договор склучен помеѓу давателот и корисникот на услугата на начин утврден согласно закон.

(2) Ако корисникот на комуналната услуга за која има склучено договор редовно не ги плаќа обврските за давање на комуналната услуга , давателот на комуналната услуга може да го прекине давањето на комуналната услуга на начин утврден со договорот склучен за давање на комуналната услуга.

(3) Давањето на комунални услуги може привремено да му се ограничи на корисникот на индивидуална комунална потрошувачка ако истата ја користи ненаменски или комуналната услуга ја користи преку дозволениот обем или спротивно на одредбите од Одлуката за комунален ред.

(4) По престанок на причините за прекин на користење на комуналната услуга, давателот на комуналната услуга е должен веднаш а најдоцна наредниот ден од денот на поднесување на барањето од страна на корисникот на услугата да продолжи со давање на комуналната услуга.

Член 19

(1) Во случај на прекин на двање на комуналните услуги поради виша сила или други причини кои не можеле да се предвидат или спречат, давателот на комуналните услуги е должен без одлагање да преземе соодветни мерки за отстранување на причините или на друг начин да обезбеди задоволување на неопходните потребите на корисникот на комуналните услуги.

(2) Мерките кои давателот на комуналната услуга треба да ги преземе во случаите од став (1) на овој член се:

- да обезбеди привремено снабдување на корисникот на услугата од алтернативни извори доколку постои таква можност,
- да преземе на итни мерки за отстранување на причините кои довеле до прекин,
- да изврши итна поправка и замена на комуналните инсталации и уреди со кои се обезбедува комуналната услуга,
- да обезбеди заштита на комуналните објекти и уреди од евентуални натамошни хаварии и
- да преземе други мерки определени со акт на општината.

Член 20

(1) Во случај на штрајк на давателот на комуналните услуги, поради што не е обезбеден минимум процесот на работа во извршувањето на комуналната дејност, односно во давањето на комуналните услуги, а поради кои можат да настанат опасности и тешки последици по здравјето и безбедноста на имотот на луѓето , општината, општините во Градот Скопје и Градот Скопје, се должни да преземат мерки со кои привремено ќе се обезбеди извршување на одделни комунални дејности или давање на комунални услуги преку други субјекти.

(2) Доколку општините, општините во Градот Скопје, односно Градот Скопје не ги преземат мерките од став (1 ) на овој член, во тој случај на сметка на општината може да ги преземе органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи.

## IV. СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ И РАЗВОЈ НА КОМУНАЛНИТЕ ДЕЈНОСТИ

Член 21

(1) Средствата за финансирање и развој на комуналните дејности се обезбедуваат од:

- Надоместок (цена) за дадена комунална услуга за индивидуална комунална потрошувачка утврдена со закон,
- надомест за користење на објекти и дадена комунална услуга за заедничка комунална потрошувачка утврден со закон ,
- комунална такса утврдена со закон,
- надоместокот за уредување на градежното земјиште утврден со закон ,
- средства од Буџетите на Република Македонија, општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје,
- средства обезбедени од самопридонес и
- средства обезбедени од донации, кредити и други извори определени со закон.

(2) Владата на Република Македонија може да учествува во изградбата и одржувањето на објектите од комуналната ифраструктура доколку истите се од значење за државата или од интерес за повеке општини, во согласност со плановите и програмите за развој на комуналните дејности.

Член 22

(1) За користење на комуналните услуги од индивидуалната комунална потрошувачка од член 14 став (1) од овој закон се плаќа надоместок утврден со посебните закони со кој се уредуваат оделни комунални дејности.

(2) Висината на надоместокот од став (1) на овој член ја утврдува давателот на комуналната услуга по претходно добиена согласност од општините, општините во Градот Скопје, односно Градот Скопје односно Владата на Република Македонија за јавните претпријатија основани од Владата на Република Македонија.

Член 23

Од надоместокот за користење на комунални услуги од индивидуална комунална потрошувачка се обезбедуваат средства за вршење на следните комунални дејности:

- снабдувањето со вода за пиење,
- одведувањето и пречистувањето на отпадните води,
- општински превоз на патници во патниот сообраќај;
- снабдување со природен гас и топлинска енергија,
- собирање и транспортирање на комунален и технолошки отпад и
- одржување на јавно градско зеленило (паркови)

Член 24

Надоместокот за користење на комуналните услуги од индивидуалната комунална потрошувачка од член 14 став (1) се пресметува во мерни единици и тоа:

- снабдување и испорака на вода за пиење во денари по метри кубни,
- снабдување и испорака на технолошка вода во денари по метар кубен,
- одведување и прочистување на отпадни води во денари по метри кубни,
- општински превоз на патници во патниот сообраќај, во денари по патник,
- снабдување со топлотна енергија во џули/м2/м3,
- снабдување и испорака на гас во денари по литри,
- собирање и транспортирање на комунален отпад во денари по м2/кг/паушал,
- одржување и користење на пазари на големо и мало, по продажно место, во денари / површина и
- чистење на оџаци, во денари по м/ф

Член 25

(1) За користење и одржување на објектите на комуналната инфраструктура, како и давањето на заедничката комунална услуга од член 14 став (2) од овој

закон се плаќа надоместок утврден со посебните закони со кои се уредуваат оделни комунални дејности.

(2) Од надоместокот од став (1) на овој член се финасира:

- одржувањето на јавната чистота на јавните површини,
- одржувањето на гробиштата,
- одржувањето на јавно осветлување,
- изградбата, одржувањето на јавно зеленило и зелени површини,
- одржувањето на хоризонтална и вертикална сигнализација и обележување на улици и јавни паркиралишта,
- одржувањето на улици и јавни паркиралишта,
-одржувањето на пазари и
-прифаќање, одведување и пречистување на отпадни и атмосферски води.

Член 26

(1) Висината, и начинот на наплата на надоместокот од член 25 на овој закон ја утврдува општината односно градот Скопје. Висината на надоместокот се утврдува во зависност од: видот и обемот на објектот, степенот на изграденост и опременост, локацијата и степенот и видот на услугата.

(2) Надоместокот од став (1) на овој член го плаќаат сопствениците односно корисниците на; станбен и деловен простор.

(3) Средствата од надоместокот од став (1) на овој член се приход на општината односно градот Скопје и се користат за изградба и одржување на објектите за заедничка комунална потрошувачка.

Член 27

(1) Решение за надоместокот од член 25 од овој закон донесува градоначалникот на општината односно градоначалникот на Град Скопје.
(2) Против решението од став (1) на овој член може да се изјави жалба до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од обласата на комунални работи во рок од осум дена од денот на приемот на решението.
(3) Жалбата не го одлага извршувањето решението.

## V. НАДЗОР

Член 28

Надзорот над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон го врши органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи.

Член 29

Инспекциски надзор вршат државните комунални инспектори на Државниот комунален инспекторат, општински комунални инспектори, комунални испектори во општините во градот Скопје и градот Скопје.

Член 30

Државениот комунален инспектор, општинскиот комунален инспектор, комуналниот испектор во општините во градот Скопје и градот Скопје, е службено лице кое е самостојно во вршењето на инспекцискиот надзор и својот идентитет и овластување го докажува со легитимација.

Легитимацијата ја издава и одзема органот кој го назначил.

Формата и содржината на образецот на легитимацијата на Државниот комунален инспектор и начинот на нејзино издавање и одземање ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од комуналната дејност, а за комуналните инспектори на општината на општините во градот Скопје и градот Скопје, градоначалникот на општината на општините во градот Скопје и градоначалникот на град Скопје .

Член 31

За Државен комунален инспектор, односно за комунален инспектор на општината на општините во градот Скопје и градот Скопје, се назначува лице со високо образование со најмалку три година работно искуство.

Член 32

Државниот комунален инспектор врши испекциски надзор над правните и физички лица кои вршат комунални дејности од значење за Републиката и тоа на :

-Јавните претпријатија за вршење на комунални дејности основани од Владата на Република Македонија;

-правни и физички лица, на кои од Владата на Република Македонија им е доверено вршење на содветна комунална дејност и

- во итни случаи кога поради одлагање може да настане опасност по животот и здравјето на граѓаните и имотот.

Член 33

Комуналните инспектори на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје вршат испекциски надзор над :

- јавните претпријатија за вршење на комунални дејности основани од општината односно општините на градот Скопје;

- физичките и правни лица на кои општината им доверила вршење на содветна комунални дејности согласно закон,

- примената на одредбите од Одлуката за комунален ред.

- јавните претпријатија за вршење на комунални дејности основани од градот Скопје;

- физичките и правни лица на кои градот Скопје им доверил вршење на содветна комунални дејности согласно закон и

- примената на одредбите од Одлуката за комунален ред.

Член 34

(1) Инспекторите од членот 29 став (1) од овој закон, за утврдените недостатоци изготвуваат записник.

(2) Врз основа на записникот од став (1) на овој член инспекторите донесуваат решение со кое го определува начинот и рокот на отстранување на недостатокот.

(3) Доколку сторителот на прекршокот сам не го отстрани недостатокот, испекторот ке донесе заклучок за дозвола за извршување, при што трошоците паѓаат на терет на сторителот на прекршокот.

(4)Против решението на испекторите од ставот (2) на овој член е дозволена жалба во рок од 8 дена од денот на приемот на решението.

(5)По жалбата против решението на државниот комунален испектор одлучува посебна комисија при министерство за транспорт и врски составена од три члена кои ги именува министерот.

(6) По жалбата против решението на општинскиот комунален испектор, комуналниот испектор во општините на градот Скопје и градот Скопје одлучува посебна комисија составена од три члена именувани од градоначалникот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

(7) Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

(8) Ако при вршењето на инспекциски надзор инспекорот уврди дека е сторен прекршок или кривично дело, должен е да покрене постапка пред надлежен суд,

Член 35

(1) За работата на Комуналните инспектори на Државниот комунален инспекторат, директорот на Државниот комунален инспекторат донесува Годишна програма, а за работата на комуналните инспектори на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје, Годишна програма донесува Градоначалникот на општината општините во градот Скопје и градот Скопје.

(2) Годишните програми од став (1) на овој член содржат месечни планови за работа испекторите

(3) Директорот на Државниот комунален инспекторат за работата на комуналните инспектори најдоцна до 31 март во тековната година, доставува Годишен извештај за претходната година до Владата на Република Македонија, а Градоначалникот на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје за работата на општинските комунални инспектори, најдоцна до 31 март тековната година доставува Годишен извештај за претходната година до Советот на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје.

(4) Годишните програми од став (1) на овој член се донесуваат до 31 декември тековната година за наредната година.

Член 36

Субјектите на надзорот се должни на Државните комуналните инспектори на Државниот комунален инспекторат, на комунални инспектори општината, општините во градот Скопје и градот Скопје, да им овозможат непречено спроведување на инспекцискиот надзор и да им ја дадат на увид целокупната потребна документација за вршење на надзорот.

Член 37

Државниот комунален инспекторат, односно комуналните испектори на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје за извршените контроли изготвуваат квартални извешатаи и ги објавуваат на својата веб страница.

## VI. НАДЗОР НАД ЗАКОНИТОСТА НА РАБОТАТА НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА на општините на градот Скопје и на органите на градот Скопје

Член 38

Надзор над законитоста на работата на органите на општината општините во градот Скопје и градот Скопје го врши органот на државната управа надлежен за работите од областа на комуналните работи.

Член 39

(1) При вршењето на надзорот од член 38 на овој закон, органот на државната управа надлежен за работитеод областа на комуналните работи ги врши следниве работи:

- ја следи законитоста на работата на органите на општината општините во градот Скопје и градот Скопје и презема мерки, активности и поднесува иницијатива за квалитетно и навремено извршување на комуналните дејности;

-оценува дали органите на општината општините во градот Скопје и градот Скопје обезбедуваат квалитетно и навремено извршување на комуналните дејности, согласно со стандардите и постапките утврдени со закон;

-укажува на определени матријални и процедурални недостатоци во работата на органите на општината општините во градот Скопје и градот Скопје кои би можеле да го оневозможат давањето на комуналните дејности;

-им дава препораки на органите на општината општините во градот Скопје и градот Скопје на нивно барање за доследно спроведување на работите кои треба да ги вршат согласно со овој закон;

-давање мислење и стручна помош по предлог на прописите во областа на комуналните дејности на барање на општината општините во градот Скопје и градот Скопје;

- навремено ги известува органите на општината општините во градот Скопје и градот Скопје за констатираните состојби во нивната работа и за преземените мерки при вршењето на надзорот и

-го следи навремено донесување на актите од надлежност на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје утврдени со овој закон.

(2) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на комуналните работи, за утврдените неправилности и преземените укажувања од ставот (1) од овој член писмено го известува Министерство на локалната самоуправа и Министерството за финансии, за превземање на понатамошните мерки во согласност со закон.

## VII. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 40

(1) Глоба во износ од 2000 до 3000 евра во денарска противвредност, ќе му изрече за сторен прекршок на правно и физичко лице-давател на комунална услуга ако:

- не донесе годишна програмата согласно (член 7 став (3) и (4)),
-ако за вршење на комунална дејност агажира правно и физичко лице кое не поседува дозвола за вршење на соодветната комунална дејност пропишана со закон (член 9 став (3)),
-комуналната дејност ја врши без дозвола (член 10),
-давањето на комуналната услуга не го врши постојано и квалитетно ( член 13 став (1)),
- не ги одржува објектите , опремата и уредите во функционална исправна состојба (член 13 став(2) ),

-давателот на комунална услуга не изврши приклучување на комунална инфраструктура на градежен објект изграден согласно закон (член 16 став (3)),

- давателот на комунална услуга приклучи градежен објект на комунална инфраструктура изграден спротивно на закон (член 16 став (4)),
- давањето на комунална услуга го ограничи на било кој корисник ( член 17 ),
- давањето на комунална услуга го обавува без договор ( член 18 став (1)),
- не преземе соодветни мерки за отстранување на причините во случај на прекин на давање на комуналните услуги или на друг начи не обезбеди задоволување на неопходните потреби на корисникот на комуналните услуги (член 19),
- изврши наплата на надоместок за извршена комунална услуга спротивно на мерните единици утврдени во член 24 од овој закон и
- на надлежните инспектори не им овозможи непречено вршење на инспекцискиот надзор и не им ја даде на увид потребната документација (член 38 од овој закон ).

(2) Глоба во износ од 500 евра во денарска противредност ќе му се изрече за прекршок од став (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице.

Член 41

(1) Глоба во износ од 1000 до 1500 евра во денарска противвредност, ќе му изрече за сторен прекршок на физичко лице-корисник на комунална услуга ако:

- не изврши приклучување на градежен објект изграден согласно закон на комунална инфраструктура ( член 16 став (1)),
- изврши приклучување на објект што е изграден спротивно на закон, на комунална инфраструктура ( член 16, став (2)),
- не изгради септичка јама согласно пропишани услови (член 16 став (6))
- на надлежните инспектори не им овозможи непречено вршење на инспекцискиот надзор и не им ја даде на увид потребната документација (член 38 од овој закон )

Член 42

Глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност, во мандатна постапка ќе му се изрече на физичко лице ако постапува спротивно на одредбите од одлуката на комунален ред.

Член 43

(1) Кога државниот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општината, општините во Градот Скопје и Градот Скопје, ќе утврдат дека е сторен прекршок од член 40 и 41 на овој закон ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до надлежен суд.

(2) Пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд, испекторите од став (1) на овој член се должни да спроведат постапка за порамнување согласно законот за прекршоци.

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 44

Јавните претпријатија формирани од Владата на Република Македонија, општините, општините на градот Скопје и градот Скопје, за вршење на оделни комунални дејности и правните и физички лица регистрирани за вршење на комунална дејност, должни се своето работење да го усогласат со одредбите на овој закон во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 45

Поблиските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 46

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за комуналните дејности „Службен весник на Република Македонија" бр. 45/97, 23/99, 45/02, 16/04 и 5/09).

Член 47

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија."

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ**

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Со одредбите од Предлог на законот се уредуваат основните услови и начинот на вршење на комуналните дејности, обезбедување на средства потребни за финасирање на изградбата и одржувањето на објектите на комунална инфраструкрура, како дејности од јавен интерс од локално значење.

Со членот 5 од предлогот на законот наведени се дејностите кои согласно овој закон а при тоа имајќи предвид законот за локална самоуправа, се смета за комунални дејности.

Согласно одредбите од предлогот на законот, заради унапредување и развој на комуналната дејност, предвидено е Општините, Општините на градот Скопје и Градот Скопје, да донесуваат развојни планови и тоа за приод од 3 години со можност за нивно ревидирање секоја година, со кои ке се планира развојот на оделни комунални дејности. За реализација на овије планови субјектите задолжени за извршување на оделни комунални дејности задолжени се да изготвуваат годишна програма на која согласност дава советот Општините, Општините на градот Скопје и Градот Скопје.

Бидејќи вршењето на комуналните дејности и давањето на комуналните услуги преставуваат заначаен услов за животот пред се на граѓаните, со членот 8 од предлогот на законот предвидено е Владата на Република Македонија Општините, Општините на градот Скопје и Градот Скопје, да обезбедат услови за нивно организирано и трајно вршење, во смисла на обезбедување на материјални, технички и други услови за изградба одржување и функционирање на објектите за комунална инфраструктура, со

цел обезбедување на техничко-технолошко единство на системите трајно и контуинирано давање на комуналните услуги, потребен квалитет и обем.

Со членот 9 од предлогот на законот предвидено е за вршење на комуналните дејности Општините, Општините на градот Скопје и Градот Скопје можаат да основаат јавни претпријатиа или вршењето да го доверат на правни и физички лица регистрирани за вршење на содветната дејност и кои поседуваат дозвола пропишано со закон.

Согласно ставот 4 од овој член за вршење на оделни комунални дејности кои се од интерес за Републиката и преставуваат фукционална, економска и техничко-технолошка целина дадена е можност за овије дејности Владата на Република Македонија да основа јавно претпријатија или нивното вршење да го довери на правни и физички лица кои ги исполнуваата условите пропишани со закон.

Со членот 10 од овој закон се предвидува, правните и физички лиаца за да можат да вршат одредена комунална дејност треба да поседуваат дозвола издадено од надлежен орган согласно закон. При тоа дозвола може да добије правно и физичко лице доколку е регистрирано за одредена дејност и ако ги исполнува условите за добивање на дозволата пропишани со посебен закон.

Имајќи во предвид материјалите можности на општините, со членот 11 од предлогот на законот предвидено е решение со кое им се дава можност да можат заеенички да го организираат вршењето на оделни комунални дејности врз основа на спогодба, со која по детално ке ги уредат маѓусебните права и обврски.

Со членот 12 од предлогот на законот дадено овластување на единиците на локалната самоуправаа да го пропишуваат начинот на вршење на комуналните дејности и начинот на користење на комуналните услуги. За таа цел единиците на локалната самоуправа предвидено е да донесаат одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување во која по детално ке ги уредат односите оделни комунални дејности во населените места.

За спроведување на одлуката согласно одредбите од законот предвидено е да се грижат комунални редари назначени Општините, Општините на градот Скопје и Градот Скопје. Комуналните редари при вршењето на контролата задолжително треба да носат службена облека и службена легитимација.

Со членот 13 од предлогот на законот проПишани се обврските на давателите на комуналните услуги. Во таа смисла давателот на комуналната услуга е должен давањето на комуналната услуга да го врши трајно и

квалитетно и да ги одржува во функционална и исправна состојба објектите опремата и уредите на комуналната инфраструктура.

Во делот VI – објекти на комунална инфраструктура, со членот 14 дефинирано е што се подразбира под објекти на комунална инфраструктура. Со членот 15 од законот извршена поделба на објектите на комуналната инфраструктура во зависност од нивната намена и тоа објекти кои служат за индивидуална потрошувачка и на објекти за заедничка потрошувачка.

Со членот 16 предвидено е решение со кое сопствениците на градежните објекти се задолжуваат објектот да го приклучат на комуналната инфраструктура. При тоа со овој член забрането е приклучување на градежен објект на комунална инфраструктура изграден спротивно на закон. Со ставот 3 и 4 од истиот член пропишани се обврските на давателот на комуналната услуга во однос на приклучувањето на градежните објекти на комуналната инфраструктура.

Имајќи во предвид дека во оделни општини се уште нема изградено канализацијони системи, со ставот 5 од член 16 предвидена е обврска за сопствениците на градежните објекти да изградат септичка јама согласно критериуми пропишани од општината.

Тргнувајќи од значењето на комуналните дејности за граѓаните и правните субјекти, со одредбите на законот (член17) предвидено е решение со кое давањето на комунална услуга не може да му се ограничи на било кој корисник, освен во случај определено со закон.

Со членот 18 се регулира привременото ограничување на давањето на комуналната услуга на корисник на индивидуалната комунална потрушувачка и начинот и условите за нејзино повторно давање.

Со членот 19се регулира начинот на прекин на давање на комунална услуга во случај на виша сил или во други случаи кои неможат да се предвидат и мерките кои е должен да ги преземе давателот на комуналната услуга за отстранување на причините кои довеле до прекин и мерките за задоволување на неопходните потреби на корисникот во вакви случаи.

Со членот 20 пропишан е начинот на извршување на комуналните услуги во случаи на штрајк на давателот на комунална услуга.

Со главата IV се предложени одредби со кои се регулира начинот на обезбедување на средства за финасирање и развој на комуналните дејности. Во таа смисла согласно членот 22 предвидено е за користење на комуналните услуги од индивидуалната комунална потрошувачка да се плаќа надоместок, чија висина ја утврдува давателот на комунална услуга во согласно со општината, Општините на градот Скопје и  Градот Скопје,

односно Владата на Република Македонија, доколку давателот е јавно претпријатије основано од Владата или правно лице назначено од Владата.

Со членот 24 пропишани се мерните единици за пресметување на надоместокот за користење на услугите од индивидуалната комуналната потрошувачка.

Со одредбите од член 25, 26 и 27 се регулира прашањето на надоместокот за користење на објектите наменети за заедничка комунална потрошувачка.

Согласно одредбите од предлог законот предвидено е надзорот над спроведувањето на овој закон и прописите донесени согласно овој закон да го врши органо на државната управа надлежен за вршење на работите од комуналната област, додека испекцискиот надзор да го вршат државните комуналните испектори, комуналните испектори на општините , Општините на градот Скопје и Градот Скопје.

Новина која се предлага со овој закон е воведувањето на комуналните редари кои ке вршат контрола на одредбите од одлуката за комунален ред.

Согласно одредбите од законот разграничени се надлежностите во поглед на надзорот од државните комуналните испектори, комуналните испектори на општините , Општините на градот Скопје и Градот Скопје.

Во главата прекршочни одредби предвидени се глоби за давателите и корисниците на комуналните услуги доколку не постапуваат согласно одредбите од овој закон или постапуваат спротивно на одредбите од законот.

Со преодни и завршни одредби пропишани се рокови за субјектите-даватели на комунални услуги во кои треба да се усогласат согласно одредбите од овој закон, како и рокови за донесување на подзаконските акти предвидени со овој закон.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со предложените решениа се пропишува кои субјекти и под кои субјекти можат да вршат одредено комунална дејност, обврските на давателите на комунални услуги, обврските на единиците на локална самоуправа во поглед на обезбедување на услови за задоволување на комуналните услуги и начинот на обезбедување на средства за изградба и одржување на објектите на комунална инфраструктура.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија ќе се обезбеди посодветно и поефикасно давање на комуналните услуги од страна на субјектите задолжени за вршење на содветната комунална дејност, како и посодветно задоволување на корисниците на овије услуги.

**<u>Образец бр.1</u>**

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Предлог Закон за комунални дејности |
| Министерство: | Министерство за транспорт и врски |
| Лице за контакт/одговорно лице: | Орхан Рамадани<br>3 145 554 |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | мај 2012 година |
| Поврзаност со ЕУ директиви | нема |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

<u>А. Почетна проценка на влијанието на регулативата</u>

1. Кои се главните проблеми?

Потешкотии во примената на одредбите од постојниот закон, бидејќи предвидените решенија се надминати и не соодветствуваат сопотребите на граѓаните и решенијата предвидени со посебните закони со кои се регулираат одредени видови на комунални дејности и тоа во однос на начинот на вршењето, начинот на финансирањето, начинот на регулирање на односите меѓу давателите и корисниците на комуналните услуг, надлежностите на органите надлежни за контролата на примената на законот.

2. Со Предлогот на законот предложени се одредби со кои се уредуваат основните услови и начинот на вршење на комуналните дејности, обезбедување на средства за финансирање на изградбата и одржувањето на комуналната инфраструктура како дејности од јавен интерес, се со цел да се обезбеди трајно и кавелитетно давење на услуги на граѓаните и правните субјекти како корисници на тие услуги.

3. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки на закони би можеле да се разгледаат?

Со донесувањето на нов закон за комунални дејности ке се надминат проблемите кои се јавуваат во примената на одредбите на постојнот закон, како и ке се овозможи подоследна негова примена бидејки со одредбите на овој закон утврдени се субјектите кои можат да вршат одредена комунална дејност и под кои услови, нивните права и обврски како даватели на комунални услуги, правата и обврските на граѓаните и правните субјекти како корисници на комунални услуги, надлежностите на единиците на локална самоуправа и други прашања.

4. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?
Заедницата на единиците на локалната самоуправа и општини.

Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата

1. Кои информации и податоци се веќе достапни?

.

2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?

   Нема дополнителни информации.

3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?

Иницијална проценка на влијанието на регулативата.

4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?

Не.

**Дел 2: Подетално планирање, вклучително со време и ресурси**
(забелешка: овој дел е за интерна употреба на Владата на Република Македонија)

<u>В. Временска рамка</u>

1. Кога ќе започнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?

   Активностите започнаа во 2011 година.

2. Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитички студии, собирање на информации, итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?

   Нема потреба од вклучување на надворешни консултанти.

3. Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат поднесени до Генералниот секретаријат?
   Во мај 2012година

<u>Г. Ресурси</u>

1. Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот ?

**Наслов на предлог законот:**
Предлог на Закон за комунални дејности.

**Министерство / Лице за контакт/одговорно лице:**
Министерство за транспорт и врски,Орхан Рамадани тел. 3 145 554

**Очекуван датум за усвојување на предлог законот:**
јуни 2012 година

**Поврзаност со ЕУ директиви**
*Нема*

**<u>Образец бр. 2</u>**

## Иницијална проценка на влијание на регулативата

### Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите

### 1. Опис на проблемите

Имајки во предвид фактот дека одредбите од постојниот Закон за комунални дејности кое донесен во 1997 година и во кој се извршени неколку изменување и дополнувања во изминатиот период, несоодвествува со потребите на граѓаните и правните субјекти како корисници на комуналните услуги, како и со решенијата предвидени со посебните закони со кои се уредува начинот и условите на оделни комунални дејности, се наложи потреба од донесување на нов Закон за комунални дејности со кој системски се уредуваат условите и начинот на вршење на комуналните дејности.

### 2. Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите

Со донесувањето на нов закон за комунални дејности ке се надминат проблемите кои се јавуваат во примената на одредбите на постојнот закон, како и ке се овозможи подоследна негова примена бидејки со одредбите на овој закон утврдени се субјектите кои можат да вршат одредена комунална дејност и под кои услови, нивните права и обврски како даватели на комунални услуги, правата и обврските на граѓаните и правните субјекти како корисници на комунални услуги, надлежностите на единиците на локална самоуправа и други прашања.

### 3. Идентификација на можни решенија (опции)

Опција 1: Со Предлогот на законот се уредуваат основните услови и начинот на вршење на комуналните дејности, обезбедување на средства потребни за финансирање на изградбата и одржувањето

на објектите на комуналната инфраструктура, надлежностите на единиците на локална самоуправа, надзорот над спроведувањето на законот и прописите донесени согласно овој закон како и санкции за давателите и корисниците на комуналните услуи за дејствија предвидени како прекршоци со одредбите на законот.

**Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија**
**Предложено решение (опција):**
**Опис:**

Со Предлогот на законот не се идентификувани трошоци.

1. **Трошоци**

- Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите.
  НЕ

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците.
  НЕ

- Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа. Ако да, образложи ги трошоците.
  НЕ

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците.
  НЕ

- Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица. Ако да, образложи ги трошоците.
  НЕ

2. **Придобивки**

- Опис и опсег на финансиските придобивки за засегнати страни
- Други нефинансиски придобивки за засегнати страни

3. **Ризици и претпоставки**

Доколку не се донесе нов закон за комунални дејности и понатаму ќе останат проблемите кои се јавуваат во примената на одредбите на постојниот закон, а кои се надминати и несоодветствуаат со одредбите од посебните закони со кои се регулираат одредени комунални дејности.

**Останати влијанија**

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | НЕ | НЕ |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | НЕ | НЕ |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз животната средина | НЕ | НЕ |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз правата на граѓаните | НЕ | НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | НЕ |

Чекор 3: Консултации

**Резиме на иницијалната проценка на влијание на регулативата**

1. **Краток осврт на преферираното решение/опција:**
2. **Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:**

3. **Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:**

**Изјава од министерот**
**за иницијалната проценка на влијание на регулативата**

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлог закон

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Нема влијание | врз Буџетот на Република Македонија |
| 2. | Нема влијание | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија. |
| 3. | Нема влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар. |
| 4. | Нема влијание | врз економијата и врз обемот на државна помош. |
| 5. | Нема влијание | врз животната средина. |
| 6. | Нема влијание | врз социјалната положба на граѓаните. |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br><br>Датум на објавување:<br>Вклучени организации и претставници: Секретаријат за законодавство, Министерство за правда, Министерство за финансии,Министерство за економија, Министерство за локална самоуправа, Министерство за животна средина и просторно планирање, Заедницата на единиците на локална самоуправа, Градот Скопје, Стопанска комора на Македонија-Здружение на комунални дејности.<br>Свое мислење дадоа следниве организации: Секретаријат за законодавство, Министерство за правда, Министерство за финансии, Министерство за економија, Министерство за | НЕ |

| | | |
|---|---|---|
| | локална самоуправа, Заедницата на единиците на локална самоуправа, Градот Скопје, Стопанска комора на Македонија-Здружение на комунални дејности. | |
| 8. | Забелешките и предлозите од заинтересираните страни се земени во предвид и воглавном се прифатени и вградени во текстот на законот. | Секретарија за законодавс |
| 9. | Предлог законот е лекториран. | НЕ |
| 10. | Спроведени се меѓуресорски консултации. | НЕ |
| 11. | Дали предлог законот предвидува управна постапка? | ДА |
| 12. | Доколку предлог законот предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото "молчењето значи одобрување"? | НЕ |

**Изјава од министерот**

Јас, *име и презиме на министерот,* изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на министерот:

..........................................................................

Датум:21.05.2012 г.